# ВЛИЈАНИЕТО НА ФЛОРА МК-2 ВРЗ ПРИНОСОТ, МОРФОЛОШКИТЕ И КВАЛИТЕТНИТЕ СВОЈСТВА НА ИНДУСТРИСКИТЕ ДОМАТИ

В. Коцевски[1], Д. Јакимов[1], С. Митрев[1], Д. Спасов[1] и М. Јекиќ[2]
[1] ИРЕ Институт за земјоделство - Струмица
[2]Земјоделски факултет - Скопје

1995, Скопје, Р. Македонија, Годишен зборник за заштита на растенијата, Вол. 6: 213 - 217.

Целта на овие испитувања е да се утврди дејството од фолијарната примена на течното минерално ѓубре ФЛОРА МК-2, на индустриските домати во струмичко. Притоа е утврдено дека со три третмани заедно со средствата за заштита на растенијата од болести и штетници, од течното минерално ѓубре се добива зголемување на приносот од 1,8 t/ha, а врз база на NPK 2,9 t/ha домати.

Двете зголемувања се наполно економски оправдани, особено тоа врз база на NPK. Трошоците за примена на течното ѓубре се на товар на трошоците за заштита на растенијата.

**Клучни зборови:** домат, минерално ѓубре, принос.